

ПРАГА за 23ти Октомври 2026

Prague

Опис ПРАГА за 23ти Октомври 2026, Prague

ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕТО: 4 *дена / 3 ноќевања*

Според Франц Кафка, оној кој ја задржува способноста да ја препознава убавината никогаш нема да остари. Прага, еден од најубавите градови во светот, зазема посебно место во срцето на Кафка. Ќе бидете импресионирани од нејзината богата историја и неконвенционалниот начин на живот на „боемските“ жители на градот. Прага е илјадагодишен центар на Бохемија, а терминот „боемци“ се користи низ вековите за да се опишат луѓе со креативен и неконвенционален начин на живот. Прага упатува покана до сите кои го ценат нејзиниот “genius loci” и уникатниот начин на живот на луѓето од Прага да ги истражат нејзините улици... Во средниот век, Прага била главен град на Боемското кралство на Карло IV, а Прашкиот замок бил седиште на империјата. Оттогаш, градот игра клучна улога во регионот. Епската историја на Прага создала град полн со убавина, со прекрасни згради од готската, ренесансната и барокната ера и со величествени плоштади. Во модерното време, туризмот во Прага помогнал во нејзината регенерација, трансформирајќи ги сивите, запуштени згради во фини ресторани, стилски хотели и живи барови; доблесен круг, кој охрабрува сè поголем број туристи да го посетат градот.

23. октомври 2026 (петок) СКОПЈЕ - ПРАГА

Состанок на групата на аеродромот во 08:40 часот рано наутро. Лет за Прага W6 4747 во 10:40 ч. Пристигнување во 12:55часот. Трансфер и сместување во хотел. Попладне можност за индивидуални прошетки по Вацлавски плоштад, еврејскиот кварт или факултативно крстарење по В’лтава со вклучена вечера. Ноќевање.

24. октомври 2026 (сабота) ПРАГА (панорамски разглед)

Појадок. Панорамски пешачки разглед на градот со локален водич (јавен превоз): Старо место: Карловиот мост, плоштадот на Малтешките витези, споменикот на Карло четврти, Кралскиот пат, Еврејскиот кварт, Париската улица, плоштадот Старо Место со Астрономскиот часовник - Орлој, Градската куќа, Тунската црква, споменикот на Јан Хус, куќата на Франц Кафка, Универзитетот на Карло четврти, Вацлавске намести, Националниот музеј, Горниот град: Дворецот Храдчани, Катедралата Св.Вито, Златната улица...Слободно попладне за индивидуални активности.Ноќевање.

25. октомври 2026 (недела) КАРЛОВИ ВАРИ

Појадок. Слободен ден за индивидуални прошетки или факултативен излет до Карлови Вари - најпознат бањски центар во Чешка, популарно одморалиште на европската аристократија и културната елита во 19-от век. Можност за посета на еден од 12-те извори... прошетка покрај неоренесансните колонади, паркови, кафеани и продавници. Увид во познатите локални производи од порцелан, стаклото Мозер како и ликерот Бехеровка. Попладнето, враќање во Прага. Вечерта слободно време за индивидуални прошетки. Ноќевање.

26. октомври (понеделник) ПРАГА - СКОПЈЕ

Појадок. Одјавување од собите. Слободно време за индивидуални активности и прошетки. Трансфер до аеродромот во Прага околу 12:10ч. Лет за Скопје W6 4748 во 15:05 ч. Пристигнување во Скопје во 17:05 часот.

* Цените и расположливоста се достапни во овој момент (30/09/2026 15:27).

Цена на аранжманот во претпродажба: 389€ / 24.118 мкд
Цена на аранжман: 409€ / 25.358 мкд

ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:
- Авионски превоз со WizzAir на релација: Скопје - Прага – Скопје
* Рачна торба со димензии 20*30*40см до 10кг
- Трансфери во Прага: аеродром - хотел - аеродром
- Сместување во хотел Prague Centre Plaza ***, на база 3 ноќевања со појадок
- Организиран пешачки панорамски разглед на Прага
- Организација и реализација, придружник на патувањето

ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:
- Туристичка такса во хотел 2,2€ по лице од ноќ
- Карти за јавен превоз (метро, автобус...)
- Доплата за 1/1 соба 145€
- Факултативни излети и посети:
* Карлови Вари 70€ (уплата и резервација во агенција)
* Крстарење по В'лтава со вклучена вечера без пијалок 25-30€
- Влезници за музеите и културно - историските споменици

НАПОМЕНИ:
- За реализација на аранжманот, потребен е минимум од 20 патници.
- За реализација на факултативите потребен е минимум од 15 патници
- За овој аранжман важат Општите услови за патување на терра травел
-

Services included

ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:
- Авионски превоз со WizzAir на релација: Скопје - Прага – Скопје
* Рачна торба со димензии 20*30*40см до 10кг
- Трансфери во Прага: аеродром - хотел - аеродром
- Сместување во хотел Prague Centre Plaza ***, на база 3 ноќевања со појадок
- Организиран пешачки панорамски разглед на Прага
- Организација и реализација, придружник на патувањето

Services not included

ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:
- Туристичка такса во хотел 2,2€ по лице од ноќ
- Карти за јавен превоз (метро, автобус...)
- Доплата за 1/1 соба 145€
- Факултативни излети и посети:
* Карлови Вари 70€ (уплата и резервација во агенција)
* Крстарење по В'лтава со вклучена вечера без пијалок 25-30€
- Влезници за музеите и културно - историските споменици

Description useful info

НАПОМЕНИ:
- За реализација на аранжманот, потребен е минимум од 20 патници.
- За реализација на факултативите потребен е минимум од 15 патници